# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 21/2019 Пробиштип 07.03.2019 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.21/2019 одржана на ден 06.03.2019 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за давање согласност на извештај за работа на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2018 година бр. 26-264/3,
2. Одлука за давање согласност на финансиски извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2018 година бр. 26-264/4,
3. Одлука за усвојување на извештај за работа на ОУ Дом на Култура Злетовски рудар Пробиштип за 2018 година бр. 26-264/5,
4. Одлука за усвојување на финансиски извештај на ОУ Дом на Култура Злетовски рудар Пробиштип за 2018 година бр. 26-264/6,
5. Одлука за усвојување на финансиски извештај на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2018 година бр. 26-264/7,
6. Одлука за усвојување на финансиски извештај на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2018 година бр. 26-264/8,
7. Одлука за усвојување на финансиски извештај на СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2018 година бр. 26-264/9,
8. Одлука за усвојување на финансиски извештај на ЈОУ Детска Градинка Гоце Делчев Пробиштип за 2018 година бр. 26-264/10,
9. Одлука за усвојување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-264/11,
10. Одлука за утврдување на работното време во ЈОУ Детска Градинка Гоце Делчев Пробиштип бр. 26-264/12,
11. Одлука за усвојување на план за запишување на ученици во прва година во СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за учебната 2019/2020 година бр. 26-264/13,

12. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичка планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Дарко Здравев бр. 26-264/14,
13. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичка планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Љупчо Иванов бр. 26-264/15,
14. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичка планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Радослав Јанев бр. 26-264/16,
15. Одлука за усвојување на почетниот биланс, годишните сметки за 2018 2019 година и извештајот за материјалното и финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие Пониква КП –Кочани- во ликвидација и одобрување на работата на ликвидаторот бр. 26-264/17,
16. Одлука за бршиење од Трговскиот регистар на Заедничкото јавно претпријатие Пониква КП-Кочани во ликвидација и за разрешување на ликвидатор на ЗЈП Пониква КП –Кочани-во ликвидација бр. 26-264/18,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-264/20 ГРАДОНАЧАЛНИК НА
07.03.2019 година ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Пробиштип Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2019 година, расправајќи по Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2018 година бр.01-151/1 од 18.02.2019 година, ја донесе следната :

## О Д Л У К А
### за давање на согласност на Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2018 година

Член 1

Се дава согласност на Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2018 година бр.01-152/1 од 18.02.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-264/3
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13 и 41/014, 138/14, 25/15, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2019 година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2018 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
За давање согласност на финансиски извештај на
ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2018 година

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот извештај на ЈКП „ Никола Карев “ Пробиштип за 2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансиксиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2018 година бр. 05-151/1 од 18.02.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-264/4
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.03.2018 година, разгледувајќи го Извештајот за работа на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2018 година, бр.01-48/1 од 19.02.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за усвојување на Извештајот за работа на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2018 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за работа на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работа на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2018 година бр. 01-48/1 од 19.02.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-264/5
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2019 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар“ Пробиштип за 2018 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
за усвојување на Финансиски извештај Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2018 година

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903, 787 и 603 на Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2018 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар од Пробиштип за 2018 година бр.01-47/1 од 19.02.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-264/6
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2019 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на ООУ „Браќа Миладиновци" Пробиштип за 2018 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на Финансиски извештај ООУ „Браќа Миладиновци" од Пробиштип за 2018 година

Член 1
Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903, 787 и 785 на ООУ „Браќа Миладиновци" од Пробиштип за 2018 година .

Член 2
Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ООУ „Браќа Миладиновци" од Пробиштип за 2018 година бр.05-106/1 од 22.02.2019 година, 05-107/1 од 22.02.2019 и 05-108/1 0д 22.02.2019 година.

Член 3
Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-264/7
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2019 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на ООУ „Никола Карев" Пробиштип за 2018 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на Финансиски извештај ООУ „Никола Карев" од Пробиштип за 2018 година

Член 1
Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903 и 787 на ООУ „Никола Карев" од Пробиштип за 2018 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за 2018 година бр.05-176/1 од 21.02.2019 година и 05-175/1 од 21.02.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-264/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.03.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2019 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на СОУ „Наум наумовски Борче“ Пробиштип за 2017 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на Финансиски извештај СОУ „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип за 2018 година

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903, 787 и 785 на СОУ „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип за 2018 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на СОУ „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип за 2018 година бр.05-107/1 од 25.02.2019 година, бр. 05-107/2 од 25.02.2019 и бр. 05-107/3/3 од 25.02.2019 .

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-264/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.03.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2019 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип за 2018 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

за усвојување на Финансиски извештај ЈОУ Детска Градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип за 2018 година

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903 и 787 на ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ од Пробиштип за 2018 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ од Пробиштип за 2018 година бр.01-42/1 од 08.02.2019 година и бр. 01-41/1 од 08.02.2019.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-264/10
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”број 5/2002) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.61/04, 22/07, 67/07 и 156/09, 47/11 и 19/15), Советот на Општина Пробиштип на седница одржана на 06.03.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Годишната сметка на Буџетот на Општина Пробиштип и финансиски извештаи**

**Член 1**

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2018 година изнесуваат:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **I Вкупни приходи** | **435.587.850** | **234.668.236** |
| - Даночни приходи | 40.145.106 | 28.100.007 |
| - Неданочни приходи | 15.350.000 | 10.009.266 |
| - Капитални приходи | 72.370.000 | 33.040.313 |
| - Дотации | 133.547.850 | 121.812.002 |
| - Трансфери | 68.246.894 | 26.069.867 |
| - Донации | 105.928.000 | 15.636.781 |
| **II Вкупни расходи** | **423.287.850** | **225.766.483** |
| - утврдени намени | 422.987.850 | 225.766.483 |

| | | |
|---|---|---|
| - резерви | 300.000 | 0 |
| II (Дефицит) - Суфицит | 12.300.000 | **8.901.753** |
| **Финансирање** | | **-8.901.753** |
| **Прилив** | -17.200.000 | -6078.379 |
| | | |
| - Приливи од домашни заеми | -17.200.000 | |
| - Приливи од странски заеми | | |
| - Депозити | | -6.078.379 |
| | | |
| **Одлив** | 4.900.000 | 2.823.374 |
| - Отплата на главнина | 4.900.000 | 2.823.374 |

**Член 2**

Разликата меѓу приходите и расходите на износ од 8.901.753 претставува суфицит настанат поради износот на пренесеното салдо на сметките на 31.12.2018 година, додека отплатата на заемот претставува одливот на средства на износ од 2.823.374 денари.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи.

**Член 4**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2018 година се искажани планираните и извршените расходи по сметки и по ставки .

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2018 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Пробиштип".

Број 26-264/11
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) а во врска со член 67 став 6 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 и 163/2017) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2019 година ја донесе следнста:

ОДЛУКА
За утврдување на работно време во ЈОУ Детска градинка Гоце Делчев Пробиштип

Член 1

Се утврдува работното време во ЈОУ Детска Градинка Гоце Делчев Пробиштип со утврдување на почеток и завршеток на работното време по објекти во рамките на 40 часовна работна недела на вработените и тоа:

1. Објект Цветови Пробиштип од 06.00 до 18.00 часот,
2. Објект Срничка Пробиштип од 06.00 до 18.00 часот,
3. Објект Изворче Злетово од 06.00 до 16.30 часот,
4. Објект Детелинка Пробиштип од 06.00 до 17.00 часот и
5. Посебни просторни услови с.Ратавици од 07.00 до 10.30 часот.

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-264/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.03.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип расправајки по предлог - планот за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2019/2020 година, на седницата одржана на ден 06.03.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

За усвојување на План за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2019/2020 година

Член 1

Се усвојува Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2019/2020 година и тоа:

- Гимназиско образование........................................................ 3 паралелки, 102 ученици,

- Спортска гимназија .................................................................. 1 паралелека, 34 ученици, македонски наставен јазик

Машинска струка-IV степен: Машински техничар
- Машинско енергетски техничар ......................................... 1 паралелка, 34 ученици,
- Техничар за компјутерско управување............................ 1 паралелка, 34 ученици,

Геолошко-рударска и металуршка струка-IV степен:
- Геолошко-рударски техничар ..............................................1 паралелка, 34 ученици,

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-264/13
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ"бр.23/11,54/11,155/12,53/13, 72/13,44/14, 115/14,199/14,124/15,129/15,217/15,31/16и190/17) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2019 година ја усвои следната:

## О Д Л У К А
## за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена А4-времено сместување (викенд куќа) изграден на КП.бр.4062, МВ Леговец,КО Пробиштип, Општина Пробиштип, изграден од страна на Дарко Здравев, со адреса на живеење на ул.„8-ми Септември„ бр.Б-4/12-10 од Пробиштип.

Член 2

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на лицето Дарко Здравев.

Член 3

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена А4-домување-времено сместување во викенд куќа.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-264/14
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ"бр.23/11,54/11,155/12,53/13, 72/13,44/14, 115/14,199/14,124/15,129/15,217/15,31/16и190/17) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2019 година ја усвои следната:

## О Д Л У К А
## за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена А4-времено сместување (викенд куќа) изграден на КП.бр.87/1, МВ „Заратски рид„ КО Јамиште , Општина Пробиштип, изграден од страна на Љупчо Иванов, со адреса на живеење на ул.„Ѓорги Бошков„ бб, с.Бели, Општина Кочани.

Член 2

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфатна ДУП за СРТЦ„Пониква„ и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на Република Македонија.

Член 3

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип или ќе се донесе друг вид на урбанистичка планска документација и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена А4-домување-времено сместување во викенд куќа.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-264/15
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ"бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2019 година ја усвои следната:

О Д Л У К А
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена А4-времено сместување (викенд куќа) изграден на КП.бр.1956/2, МВ „Рид„ КО Марчино, Општина Пробиштип, изграден од страна на Радослав Јанев, со адреса на живеење на ул.„4-ти Април„ бр.12А од Пробиштип.

Член 2

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на лицето Радослав Јанев.

Член 3

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена А4-домување-времено сместување во викенд куќа.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-264/16
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и членот 539 од Законот за трговски друштва („Сл.весник на РМ“ бр.28/204, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14 и 41/14), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на почетниот биланс, годишните сметки за 2018 и 2019 година и извештајот за материјалното и финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие ПОНИКВА КП- Кочани - во ликвидација и одобрување на работата на ликвидаторот

Член 1

Основачите на Заедничкото јавно претпријатие ПОНИКВА КП- Кочани - во ликвидација : Општина Кочани и Општина Пробиштип го усвојуваат билансот на ЗЈП ПОНИКВА КП – Кочани- во ликвидација изготвен од ликвидаторот.

Основачите на Заедничкото јавно претпријатие ПОНИКВА КП- Кочани - во ликвидација ги усвојуваат годишните сметки за 2018 и 2019 година и извештајот за материјално и финансиското работење на Претпријатието изготвени од ликвидаторот.

Член 2

Ликвидаторот, постапката за бришење на Претпријатието врз основа на ликвидација ја спроведе во согласност со Законот за трговските друштва, начелата на објективност, документарност, стручност и совесност, па согласно тоа се одобрува работата на ликвидаторот.

Поради исполнети услови, односно завршување на постапката за ликвидација, Заедничкото јавно претпријатие ПОНИКВА КП- Кочани - во ликвидација, да се брише од Трговскиот регистар, согласно Законот за трговски друштва.

Член 3

Одлуката е донесена да послужи пред Централниот регистар на РМ во постапка за бришење на Претпријатието врз основа на ликвидација.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пробиштип“.

Број 26-264/17
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и членот 265 од Законот за трговски друштва („Сл.весник на РМ“ бр.28/204, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14 и 41/14), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 06.03.2019 година, донесе

О Д Л У К А

за бришење од Трговскиот регистар на Заедничкото јавно претпријатие ПОНИКВА КП- Кочани - во ликвидација и за разрешување на ликвидатор на ЗЈП ПОНИКВА КП -Кочани - во ликвидација

Член 1

Поради исполнети услови, односно завршување на постапката за ликвидација, Заедничкото јавно претпријатие ПОНИКВА КП- Кочани - во ликвидација, да се брише од Трговскиот регистар, согласно Законот за трговски друштва.

Член 2

Петар Апостолов- Дипл.геодетски инженер, со адреса на живеење на ул. „Скоевска“ бр.6 – Кочани, се разрешува од функцијата ликвидатор на ЗЈП ПОНИКВА КП -Кочани - во ликвидација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пробиштип“.

Број 26-264/18
06.03.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.